20110511385

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на членот 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

У К А З
ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ВОДИТЕ

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за водите,
што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 12 април 2011 година.

Бр. 07-2062/1
12 април 2011 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
Ѓорге Иванов, с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
Трајко Вељаноски, с.р.

ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ВОДИТЕ

Член 1

Во Законот за водите (“Службен весник на Република Македонија” број 87/2008, 6/2009, 161/2009 и 83/10), во членовите 27 став (6), 33 став (3), 39 став (2), 44 став (5), 49 став (7), 51 став (6), 87 став (7), 88 став (6), 178 став (3) и 180 став (2) зборовите: „Комисијата на Владата на Република Македонија надлежна за решавање на управни работи во втор степен од областа на водите“ се заменуваат со зборовите: „Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен“.

Член 2

Во членот 40 став (2) зборовите: „Комисијата на Владата на Република Македонија надлежна за решавање на управни работи во втор степен од областа на водите“ се заменуваат со зборовите: „Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен“.

Ставот (3) се менува и гласи:

„Доколку органот од ставот (1) на овој член не ја издаде дозволата од членот 26 став (1) на овој закон, односно не донесе решение за одбивање на барањето за издавање на дозволата од членот 26 став (1) во рокот од ставот (1) на овој член, подносителот на барањето има право во рок од три работни дена, по истекот на рокот да поднесе барање до писарницата на министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина, да донесе решение со кое се дава согласност за издавање на дозволата од членот 26 став (1) на овој закон. Доколку министерот нема писарница барањето се поднесува во писарницата на седиштето на органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина.“

По ставот (3) се додаваат 18 нови става (4), (5), (6), (7), (8), (9), (10), (11), (12), (13), (14), (15) (16), (17), (18), (19), (20) и (21), кои гласат:

„(4) Формата и содржината на образецот на барањето од ставот (3) на овој член ги пропишува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина.

(5) Кон барањето од ставот (3) на овој член, подносителот на барањето поднесува копија од барањето од членот 30 став (1) на овој закон за издавање на дозволата од членот 26 став (1) на овој закон.

(6) Министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина е должен во рок од пет работни дена од денот на поднесувањето на барањето од ставот (3) на овој член до писарницата, да донесе решение со кое барањето за издавање на дозволата од членот 26 став (1) на овој закон е уважено или одбиено.

(7) Доколку министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина не го донесе решението од ставот (6) на овој член, подносителот на барањето може да го извести Државниот управен инспекторат во рок од пет работни дена.

(8) Државниот управен инспекторат е должен во рок од десет дена од денот на приемот на известувањето од ставот (7) на овој член да изврши надзор во органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина дали е спроведена постапката согласно со закон и во рок од три работни дена од денот на извршениот надзор да го информира подносителот на барањето за утврдената состојба при извршениот надзор.

(9) Инспекторот од државниот управен инспекторат по извршениот надзор согласно со закон донесува решение со кое го задолжува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина во рок од десет дена да одлучи по поднесеното барање, односно да го одобри или одбие барањето и да го извести инспекторот за донесениот акт. Кон известувањето се доставува копија од актот со кој одлучил по поднесеното барање.

(10) Доколку министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина не одлучи во рокот од ставот (9) на овој член, инспекторот ќе поднесе барање за поведување прекршочна постапка за прекршок утврден во Законот за управната инспекција и ќе определи дополнителен рок од пет работни дена, во кој министерот ќе одлучи по поднесеното барање за што во истиот рок ќе го извести инспекторот за донесениот акт. Кон известувањето се доставува копија од актот со кој одлучил по поднесеното барање. Инспекторот во рок од три работни дена да го информира подносителот на барањето за преземените мерки.

(11) Доколку министерот не одлучи и во дополнителниот рок од ставот (10) на овој член, инспекторот во рок од три работни дена ќе поднесе пријава до надлежниот јавен обвинител и во тој рок ќе го информира подносителот на барањето за преземените мерки.

(12) Доколку инспекторот не постапи по известувањето од ставот (7) на овој член, подносителот на барањето во рок од пет работни дена има право да поднесе приговор до писарницата на директорот на Државниот управен инспекторат. Доколку директорот нема писарница, барањето се поднесува во писарницата на седиштето на Државниот управен инспекторат.

(13) Директорот на Државниот управен инспекторат е должен во рок од три работни дена од денот на приемот да го разгледа приговорот од ставот (12) на овој член и доколку утврди дека инспекторот не постапил по известувањето од подносителот на барањето согласно со ставовите (8) и (9) и/или не поднесе пријава согласно со став (10) и (11) на овој член, директорот на Државниот управен инспекторат ќе поднесе барање за

поведување прекршочна постапка за прекршок утврден во Законот за управната инспекција за инспекторот и ќе определи дополнителен рок од пет работни дена во кој инспекторот ќе изврши надзор во органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина дали е спроведена постапката согласно со закон и во рок од три работни дена од денот на извршениот надзор да го информира подносителот на барањето за преземените мерки.

(14) Доколку инспекторот не постапи и во дополнителниот рок од ставот (13) на овој член, директорот на Државниот управен инспекторат ќе поднесе пријава до надлежниот јавен обвинител против инспекторот и во рок од три работни дена ќе го информира подносителот на барањето за преземените мерки.

(15) Во случаите од ставот (14) на овој член, директорот на Државниот управен инспекторат веднаш, а најдоцна во рок од еден работен ден ќе овласти друг инспектор да го спроведе надзорот веднаш.

(16) Во случаите од ставот (15) на овој член, директорот на Државниот управен инспекторат во рок од три работни дена ќе го информира подносителот на барањето за преземените мерки.

(17) Доколку директорот на Државниот управен инспекторат не постапи согласно со ставот (13) на овој член, подносителот на барањето може да поднесе пријава до надлежниот јавен обвинител во рок од осум работни дена.

(18) Доколку министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина не одлучи во рокот од ставот (10) на овој член, подносителот на барањето може да поведе управен спор пред надлежниот суд.

(19) Постапката пред Управниот суд е итна.

(20) Подзаконскиот акт од ставот (4) на овој член се донесува во рок од 15 дена од денот на донесувањето на овој закон.

(21) По донесувањето на подзаконскиот акт од ставот (4) на овој член истиот веднаш, а најдоцна во рок од 24 часа се објавува на веб страницата на органот на државната управа надлежен за работите од облата на животната средина.“

Член 3

Во членот 58 став (2) по алинејата 1 се додава нова алинеја 2, која гласи:

“- за полнење на вода во шишиња - како процент од продажната цена по литар произведен производ,“.

По ставот (2) се додава нов став (3), кој гласи:

“(3) По исклучок од ставот (2) на овој член надоместокот за концесија за користење на вода за производство на електрична енергија од електрани со инсталирана моќност над 10 MW се состои само од годишен надоместок кој се плаќа за секоја година од времетраењето на концесискиот договор.“

Ставовите (3) и (4) кои стануваат ставови (4) и (5) се менуваат и гласат:

„(4) Висината на годишниот надоместок за користење на вода во зависност од видот на трговската дејност, се определува врз основа на следниве критериуми:

- за производство на електрична енергија - како процент од остварената просечна цена на произведената електрична енергија,

- за одгледување на риби во рибници и во кафези - како процентот од проценетото вкупно производство на риба во определена година на користење на концесијата, а според продажната цена по килограм риба,

- за туристички услуги - како процент од просечната продажна цена на градежното земјиште на подрачјето на градот или општината во која е доделена концесијата и тоа според површината за користење и години на користење и

- за езерски сообраќај - како процент од остварениот приход од вршењето на дејноста.

(5) Висината на еднократниот надоместок за концесија за користење на вода се определува како процент или повеќекратен износ од пресметаниот или проценетиот годишен износ на годишниот надоместок.“

По ставот (5) се додава нов став (6), кој гласи:

„(6) Владата на Република Македонија на предлог на министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина поблиску го утврдува начинот на определувањето на висината на еднократниот и годишниот надоместок согласно со критериумите од ставовите (4) и (5) на овој член.“

Член 4

Во членот 82 став (2) зборовите: „Комисијата на Владата на Република Македонија надлежна за решавање на управни работи во втор степен од областа на водите“ се заменуваат со зборовите: „Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен“.

Ставот (4) се менува и гласи:

„Доколку органот од ставот (1) на овој член не ја издаде дозволата од членот 79 став (1) на овој закон, односно не донесе решение за одбивање на барањето за издавање на дозволата во рокот пропишан со ставот (1) на овој член, подносителот на барањето има право во рок од три работни дена, да поднесе барање до писарницата на министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина, да донесе решение со кое се издава дозволата за испуштање. Доколку министерот нема писарница барањето се поднесува во писарницата на седиштето на органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина.“

По ставот (4) се додаваат 18 нови става (5), (6), (7), (8), (9), (10), (11), (12), (13), (14), (15), (16), (17), (18), (19), (20), (21) и (22), кои гласат:

„(5) Формата и содржината на образецот на барањето од ставот (4) на овој член ги пропишува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина.

(6) Кон барањето од ставот (4) на овој член, подносителот на барањето поднесува копија од барањето од членот 80 став (1) на овој закон за донесување на решение со кое се издава дозволата за испуштање.

(7) Министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина е должен во рок од пет работни дена од денот на поднесувањето на барањето од ставот (4) на овој член до писарницата, да донесе решение со кое барањето за издавање на дозволата за испуштање е уважено или одбиено.

(8) Доколку министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина не го донесе решението од ставот (7) на овој член, подносителот на барањето може да го извести Државниот управен инспекторат во рок од пет работни дена.

(9) Државниот управен инспекторат е должен во рок од десет дена од денот на приемот на известувањето од ставот (8) на овој член да изврши надзор во органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина дали е спроведена постапката согласно со закон и во рок од три работни дена од денот на извршениот надзор да го информира подносителот на барањето за утврдената состојба при извршениот надзор.

(10) Инспекторот од Државниот управен инспекторат по извршениот надзор согласно со закон донесува решение со кое го задолжува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина во рок од десет дена да одлучи по поднесеното барање од ставот (4) на овој член, односно да го одобри

или одбие барањето, и да го извести инспекторот за донесениот акт. Кон известувањето се доставува копија од актот со кој одлучил по поднесеното барање.

(11) Доколку министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина не одлучи во рокот од ставот (10) на овој член, инспекторот ќе поднесе барање за поведување прекршочна постапка за прекршок утврден во Законот за управната инспекција и ќе определи дополнителен рок од пет работни дена, во кој министерот ќе одлучи по поднесеното барање за што во истиот рок ќе го извести инспекторот за донесениот акт. Кон известувањето се доставува копија од актот со кој одлучил по поднесеното барање. Инспекторот во рок од три работни дена ќе го информира подносителот на барањето.

(12) Доколку министерот не одлучи и во дополнителниот рок од ставот (11) на овој член, инспекторот во рок од три работни дена ќе поднесе пријава до надлежниот јавен обвинител и во тој рок ќе го информира подносителот на барањето за преземените мерки.

(13) Доколку инспекторот не постапи по известувањето од ставот (8) на овој член, подносителот на барањето во рок од пет дена има право да поднесе приговор до писарницата на директорот на Државниот управен инспекторат. Доколку директорот нема писарница, барањето се поднесува во писарницата на седиштето на Државниот управен инспекторат.

(14) Директорот на Државниот управен инспекторат е должен во рок од три работни дена да го разгледа приговорот од ставот (13) на овој член и доколку утврди дека инспекторот не постапил по известувањето од подносителот на барањето согласно со ставовите (9) и (10) на овој член и/или не поднесе пријава согласно со ставовите (11) и (12) на овој член, директорот на Државниот управен инспекторат ќе поднесе барање за поведување прекршочна постапка за прекршок утврден во Законот за управната инспекција за инспекторот и ќе определи дополнителен рок од пет работни дена во кој инспекторот ќе изврши надзор во органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина дали е спроведена постапката согласно со закон и во рок од три работни дена од денот на извршениот надзор да го информира подносителот на барањето за преземените мерки.

(15) Доколку инспекторот не постапи и во дополнителниот рок од ставот (14) на овој член, директорот на Државниот управен инспекторат ќе поднесе пријава до надлежниот јавен обвинител против инспекторот и во рок од три работни дена ќе го информира подносителот на барањето за преземените мерки.

(16) Во случаите од ставот (15) на овој член, директорот на Државниот управен инспекторат веднаш, а најдоцна во рок од еден работен ден ќе овласти друг инспектор да го спроведе надзорот веднаш.

(17) Во случаите од ставот (16) на овој член, директорот на Државниот управен инспекторат во рок од три работни дена да го информира подносителот на барањето за преземените мерки.

(18) Доколку директорот на Државниот управен инспекторат не постапи согласно со ставот (14) на овој член, подносителот на барањето може да поднесе пријава до надлежниот јавен обвинител во рок од осум работни дена.

(19) Доколку министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина не одлучи во рокот од ставот (11) на овој член, подносителот на барањето може да поведе управен спор пред надлежниот суд.

(20) Постапката пред Управниот суд е итна.

(21) Подзаконскиот акт од ставот (5) на овој член се донесува во рок од 15 дена од денот на донесувањето на овој закон.

(22) По донесувањето на подзаконскиот акт од ставот (5) на овој член истиот веднаш, а најдоцна во рок од 24 часа се објавува на веб страницата на органот на државната управа надлежен за работите од облата на животната средина.“

Член 5

Во членот 114 став (1) точка 1 зборовите: „и соодветно прочистување на отпадните води пред испуштање во реципиентните води до ниво коешто ги задоволува целите за квалитет“ се бришат.

Во точката 2 сврзникот „и“ на крајот од реченицата се заменува со точка запирка.

Во точката 3 зборовите: „во случај отпадните води да се испуштаат во зони чуствителни на испуштање на урбани отпадни води“ се бришат, а точката на крајот од реченицата се заменува со сврзникот „и“.

По точката 3 се додава нова точка 4, која гласи:

„4) отпадните води кои се испуштаат во зони чуствителни на испуштање на урбани отпадни води ќе бидат подложени на построго прочистување од она што е пропишано во точката 3 од овој став, за агломерции поголеми од 10.000 е.ж.“.

Член 6

Во членот 176 став (6) зборовите: „стручни работи“ се заменуваат со зборот „ работите“.

Во ставот (7) зборовите: „органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина“ се заменуваат со зборовите: „Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен“.

Член 7

Во членот 178 став (3) зборовите: „Комисијата на Владата на Република Македонија надлежна за решавање на управни работи во втор степен од областа на водите“ се заменуваат со зборовите: „Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен“.

Ставот (4) се менува и гласи:

„Доколку органот од ставот (1) на овој член не донесе решение со кое барањето за водостопанска согласност се прифаќа или се одбива, во рокот предвиден во ставот (1) на овој член, подносителот на барањето има право во рок од три работни дена да поднесе барање до писарницата на министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина, да донесе решение со кое се издава решение за водостопанска согласност. Доколку министерот нема писарница барањето се поднесува во писарницата на седиштето на органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина.“

По ставот (4) се додаваат 17 нови става (5), (6), (7), (8), (9), (10), (11), (12), (13), (14), (15), (16), (17), (18), (19), (20) и (21) кои гласат:

„(5) Формата и содржината на образецот на барањето од ставот (4) на овој член ги пропишува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина.

(6) Кон барањето од ставот (4) на овој член, подносителот на барањето поднесува копија од барањето од членот 176 став (1) на овој закон за донесување на решение со кое се издава водостопанска согласност.

(7) Министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина е должен во рок од пет работни дена од денот на поднесувањето на барањето од ставот (4) на овој член до писарницата, да донесе решение

со кое барањето за издавање на решение за водостопанска согласност е уважено или одбиено.

(8) Доколку министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина не го донесе решението од ставот (7) на овој член, подносителот на барањето може да го извести Државниот управен инспекторат во рок од пет работни дена.

(9) Државниот управен инспекторат е должен во рок од десет дена од денот на приемот на известувањето од ставот (8) на овој член да изврши надзор во органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина дали е спроведена постапката согласно со закон и во рок од три работни дена од денот на извршениот надзор да го информира подносителот на барањето за утврдената состојба при извршениот надзор.

(10) Инспекторот од Државниот управен инспекторат по извршениот надзор согласно со закон донесува решение со кое го задолжува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина во рок од десет дена да одлучи по поднесеното барање од ставот (4) на овој член, односно да го одобри или одбие барањето и да го извести инспекторот за донесениот акт. Кон известувањето се доставува копија од актот со кој одлучил по поднесеното барање.

(11) Доколку министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина не одлучи во рокот од ставот (10) на овој член, инспекторот ќе поднесе барање за поведување прекршочна постапка за прекршок утврден во Законот за управната инспекција и ќе определи дополнителен рок од пет работни дена, во кој министерот ќе одлучи по поднесеното барање за што во истиот рок ќе го извести инспекторот за донесениот акт. Кон известувањето се доставува копија од актот со кој одлучил по поднесеното барање. Инспекторот во рок од три работни дена да го информира подносителот на барањето за преземените мерки.

(12) Доколку министерот не одлучи и во дополнителниот рок од ставот (11) на овој член, инспекторот во рок од три работни дена ќе поднесе пријава до надлежниот јавен обвинител и во тој рок ќе го информира подносителот на барањето за преземените мерки.

(13) Доколку инспекторот не постапи по известувањето од ставот (8) на овој член, подносителот на барањето во рок од пет работни дена има право да поднесе приговор до писарницата на директорот на Државниот управен инспекторат. Доколку директорот нема писарница, барањето се поднесува во писарницата на седиштето на Државниот управен инспекторат.

(14) Директорот на Државниот управен инспекторат е должен во рок од три работни дена да го разгледа приговорот од ставот (13) на овој член и доколку утврди дека инспекторот не постапил по известувањето од подносителот на барањето согласно со ставовите (9) и (10) на овој член и/или не поднесе пријава согласно со ставовите (11) и (12) на овој член, директорот на Државниот управен инспекторат ќе поднесе барање за поведување прекршочна постапка за прекршок утврден во Законот за управната инспекција за инспекторот и ќе определи дополнителен рок од пет работни дена во кој инспекторот ќе изврши надзор во органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина дали е спроведена постапката согласно со закон и во рок од три работни дена од денот на извршениот надзор да го информира подносителот на барањето за преземените мерки.

(15) Доколку инспекторот не постапи и во дополнителниот рок од ставот (14) на овој член, директорот на Државниот управен инспекторат ќе поднесе пријава до надлежниот јавен обвинител против инспекторот и во рок од три работни дена ќе го информира подносителот на барањето за преземените мерки.

(16) Во случаите од ставот (15) на овој член, директорот на Државниот управен инспекторат веднаш, а најдоцна во рок од еден работен ден ќе овласти друг инспектор да го спроведе надзорот веднаш.

(17) Во случаите од ставот (16) на овој член, директорот на Државниот управен инспекторат во рок од три работни дена го информира подносителот на барањето за преземените мерки.

(18) Доколку директорот на Државниот управен инспекторат не постапи согласно со ставот (14) на овој член, подносителот на барањето може да поднесе пријава до надлежниот јавен обвинител во рок од осум работни дена.

(19) Доколку министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина не одлучи во рокот од ставот (11) на овој член, подносителот на барањето може да поведе управен спор пред надлежниот суд.

(20) Постапката пред Управниот суд е итна.

(21) Подзаконскиот акт од ставот (5) на овој член се донесува во рок од 15 дена од денот на донесувањето на овој закон.

(22) По донесувањето на подзаконскиот акт од ставот (5) на овој член истиот веднаш, а најдоцна во рок од 24 часа се објавува на веб страницата на органот на државната управа надлежен за работите од облата на животната средина.“

Член 8

Во членот 232 став (2) точка 17 сврзникот „и“ на крајот од реченицата се заменува со точка и запирка.

Во точката 18 точката на крајот од реченицата се заменува со сврзникот “и“.

По точката 18 се додава нова точка 19, која гласи:

„19) привремено ќе го одземе песокот, чакалот и каменот кој е изваден од коритата и бреговита на површинските водни тела без дозвола од членот 26 на овој закон сé до отстранување на недостатоците, односно до донесувањето на правосилна одлука на надлежниот суд или прекршочниот орган.“

По ставот (5) се додаваат два нови става (6) и (7), кои гласат:

„(6) За одземените предмети од ставот (2) точка 19 на овој член Државниот инспекторат за животна средина издава потврда за привременото одземање на песокот, чакалот и каменот.

(7) Одземањето на предметите и постапувањето со истите се врши во согласност со Законот за управување со конфискуван имот, имотна корист и одземени предмети во кривична и прекршочна постапка.“

Член 9

Во членот 234 став (1) точката на крајот од реченицата се брише и се додаваат зборовите: „и Законот за инспекцискиот надзор.“

Член 10

Членот 240 се менува и гласи:

“(1) Жалба против решението на државниот инспектор за животна средина од членот 232 на овој закон и водостопанскиот инспектор од членот 234 на овој закон, може да се изјави во рок од осум дена од денот на приемот на решението до Комисијата за одлучување по жалба во органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина, формирана согласно со Законот за животната средина.

(2) Жалба против решението на овластениот инспектор за животна средина на општините, на општините во градот Скопје и на градот Скопје од членот 233 на овој закон може да се изјави во рок од осум дена од денот на приемот на решението, до Комисијата

за одлучување по жалба на општината, општината во градот Скопје и на градот Скопје формирана од страна на градоначалникот на општината, општината во градот Скопје и на градот Скопје.

(3) Жалба против решението на државните санитарно-здравствени инспектори може да се изјави во рок од осум дена од денот на приемот на решението, до Комисијата за одлучување по жалби формирана согласно Законот за санитарна и здравствена инспекција.

(4) Жалба против решението на државните инспектори за храна може да се изјави во рок од осум дена од денот на приемот на решението, до Комисијата за одлучување по жалби формирана согласно со Законот за безбедност на храната.

(5) Жалба против решението на државните инспектори за земјоделство може да се изјави во рок од осум дена од денот на приемот на решението, до Комисијата за одлучување по жалби формирана согласно со Законот за Државен инспекторат за земјоделство.

(6) Жалбата од ставовите (1), (2), (3), (4) и (5) на овој член не го одлага извршувањето на решението.“

Член 11

По членот 242 се додаваат два нови члена 242-а и 242-б, кои гласат:

„Член 242-а

Постапка за едукација

(1) Доколку при вршењето на инспекцискиот надзор државниот инспектор за животна средина, односно водостопанскиот инспектор утврди дека е сторена неправилност од членовите 244 став (1) точки 2, 20, 26 и 36 и 246 став (1) точки 1, 4, 6 и 11 на овој закон, е должен да состави записник во кој ќе ја утврди сторената неправилност со укажување за отстранување на утврдената неправилност во рок од осум дена и со истовремено врачување на поканата за спроведување на едукација на лицето или субјектот каде што е утврдена неправилноста при вршењето на инспекцискиот надзор.

(2) Формата и содржината на поканата за едукација, како и начинот на спроведување на едукацијата ги пропишува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина.

(3) Едукацијата ја организира и спроведува државниот инспектор за животната средина, односно водостопанскиот инспектор во рок не подолг од осум дена од денот на спроведувањето на инспекцискиот надзор.

(4) Едукацијата може да се спроведе за повеќе утврдени исти или истородни неправилности за еден или повеќе субјекти.

(5) Доколку во закажаниот термин лицето или субјектот над кој се спроведува едукацијата не се јави на едукацијата ќе се смета дека едукацијата е спроведена.

(6) Доколку лицето или субјектот над кој се спроведува едукација се јави на закажаната едукација и истата ја заврши ќе се смета дека е едуциран по однос на утврдената неправилност.

(7) Доколку државниот инспектор за животната средина, односно водостопанскиот инспектор кој го извршил инспекцискиот надзор при спроведување на контролниот надзор утврди дека се отстранети утврдените неправилности од ставот (1) на овој член, донесува заклучок со кој ја запира постапката на инспекцискиот надзор.

(8) Доколку државниот инспектор за животната средина, односно водостопанскиот инспектор кој го извршил инспекцискиот надзор при спроведувањето на контролниот надзор утврди дека не се отстранети утврдените неправилности од ставот (1) на овој член поднесува барање за поведување прекршочна постапка пред Прекршочна комисија.

(9) Државниот инспектор за животната средина односно водостопанскиот инспекторот кој го извршил инспекцискиот надзор води единствена евиденција за спроведената едукација на начин пропишан од министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина.

Член 242-б

Постапување по пријава од физичко или правно лице

(1) Надлежните инспектори се должни во рок од седум дена да постапат по иницијатива или пријава за поведување на инспекциска постапка.

(2) Во случаите од ставот (1) на овој член, надлежните инспектори се должни да го известат подносителот на иницијативата или пријавата за поведување на инспекциска постапка во рок од седум дена од денот на спроведувањето на инспекцискиот надзор.“

Член 12

Во членот 255 точка 1 зборовите: „и соодветно прочистување на отпадните води пред испуштање во реципиентните води до ниво коешто ги задоволува целите на квалитет“ се бришат.

Во точката 2 сврзникот „и“ на крајот од реченицата се заменува со точка и запирка.

Во точката 3 зборовите: „во случај отпадните води се испуштаат во зони чуствителни на испуштање на урбани отпадни води“ се бришат, а точката на крајот од реченицата се заменува со сврзникот „и“.

По точката 3 се додава нова точка 4, која гласи:

„4) отпадните води кои се испуштаат во зони чуствителни на испуштање на урбани отпадни води ќе бидат подложени на построго прочистување од она што е пропишано во точката 3 од овој став, за агломерции поголеми од 10.000 е.ж.“

Член 13

Во членот 263 став (4) точката на крајот од реченицата се брише и се додаваат зборовите: „и водостопанствата.“

Член 14

Поблиските прописи од членовите 2, 4, 7 и 11 на овој закон ќе се донесат во рок од три месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 15

Одредбите од членовите 1, 2 став (1), 4 став (1) и 7 став (1) на овој закон ќе се применуваат со започнувањето на примената на Законот за основање на Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

Одредбите од членот 10 на овој закон ќе се применуваат со започнувањето на примената на Законот за инспекциски надзор.

Член 16

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".